# БИЛТЕН НА СКСЗМ

## ЈАНУАРИ – МАРТ

## 2025

Str. Dimitrie Cupovski 13
1000 Skopje, Macedonia
Tel. +389 (0)2 3239 252
oemvp.org

www.oemvp.org

# Содржина

Содржина ..... 1

Вовед ..... 3

1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна слободна пазарна економија. ..... 4

1.1 СКСЗМ на маса го собра бизнисот и владата, во фокусот пристапот до финансии и владините мерки! ..... 4

Правен Информатор ЈУРИС и ЈУРИС АЛАРМ ..... 5

3. Европска држава, членка на ЕУ, со модерни дигитализирани институции и бизниси насочени кон циркуларната економија и обновливите извори на енергија. ..... 6

3.1 Промоција на ESG практиките ..... 6

4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси. ..... 7

4.1 СКСЗМ го пречека раководството на Здружението на индустријалци и бизнисмени во Ескишехир Румели ..... 7

4.2 Се одржа првата седница на Управниот одбор на СКСЗМ за 2025 година ..... 7

4.3 Се одржа средба помеѓу СКСЗМ и Заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во фокус поддршката на агро-индустрискиот сектор ..... 8

4.4 „СКСЗМ гостин на Косовската бизнис алијанса по повод 17-годишнината од независноста на Косово“ ..... 8

4.5 Средба помеѓу Групацијата за градежништво, урбанизам, животна средина и енергетика на СКСЗМ и Управата за јавни приходи ..... 9

4.6 Qyra на церемонијата за доделување на стипендии организирана од Фондацијата ALBIZ: Инвестирањето во студентите е клучот за успехот ..... 9

4.7 Делегацијата на СКСЗМ на средба со Претседателката Силјановска Давкова: Заедничка заложба за економски развој ..... 10

4.8 СКСЗМ е почестена со јубилејна плакета од Црвениот крст по повод 80-годишнината од неговото основање ..... 10

4.9 СКСЗМ го организира традиционалниот ифтар, промовирајќи солидарност и соживот ..... 11

4.10 Одржана е средба меѓу СКСЗМ и МНРНТ. Дискусија за можностите за соработка за стимулирање на извозот ..... 11

4.11 Извршниот директор на СКСЗМ, г. Дурим Зеќири учествуваше на Регионалната конференција за ESG во WB6 ..... 12

4.12 Одржан Вториот состанок на Управниот одбор на СКСЗМ: Членовите разговараа за приоритетите на СКСЗМ ..... 12

4.13 Maison De Parfum, компанија членка на СКСЗМ, ги отвори вратите за ексклузивна посета .. 13

4.14 Истражување на нови пазари: СКСЗМ ја организира учеството на своите членки на еден од најважните меѓународни саеми за градежништво – CF Istanbul .... 13

Економски Информатор ЕКОНОМИКУС .... 14

Бизнис Информатор ДОБИА .... 15

5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност .... 16

5.1 Известување за започнување на Анкетата за Извршно Мислење .... 16

5.2 Кампања на СКСЗМ за подигнување на свеста против сивата (неформалната) економија. .... 16

6. Односи со јавноста .... 17

7. Комуникација со членките .... 19

8. СКСЗМ во медиуми .... 19

9. СКСЗМ на социјалните мрежи .... 20

Услуги на СКСЗМ .... 21

# Вовед

Билтенот на СКСЗМ е документ што се објавува на квартална основа и содржи краток опис на активностите на СКСЗМ за наведениот период на известување. Во првиот квартал, односно периодот Јануари – Март 2025, СКСЗМ со цел реализација на визијата, мисијата и долгорочните стратешки цели на СКСЗМ, организираше бројни активности, продолжувајќи да се етаблира како вистинска и професионална институција насочена кон поддршка и унапредување на бизнисите во земјата и пошироко.

Стратегијата на СКСЗМ за 2024 – 2027 година се заснова на општиот контекст, приоритетите потреби, активностите на другите актери, како и самата нејзина улога и има дефинирани пет стратешки цели. Врз основа на визијата и мисијата, како и долгорочните цели на Комората, во овој период сме посветени кон постигнување на следниве стратешки цели:

1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна економија на слободниот пазар.
2. Доволна и квалификувана работна сила со разновидна и развојна економија која спречува иселување.
3. Европска држава, членка на ЕУ, со модерни дигитализирани институции и бизниси насочени кон циркуларната економија и обновливите извори на енергија.
4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси.
5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност.

**Дурим Зекири**

Извршен Директор

# 1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна слободна пазарна економија.

## 1.1 СКСЗМ на маса го собра бизнисот и владата, во фокусот пристапот до финансии и владините мерки!



**16.01.2025, Скопје** - Стопанската комора на северо-западна Македонија организираше Отворен ден помеѓу членките на Комората и претставниците на Владата, на кој присуствуваа заменик-претседателот на Владата, г. Изет Меџити, и директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, г. Рефик Џемаили.

Овој отворен ден беше организиран со цел да се овозможи отворена дискусија помеѓу бизнис-секторот и државните претставници за проблемите со кои се соочуваат компаниите во земјата, давање предлози, како и создавање мерки и можности за побрз развој на бизнисите и економијата на земјата.

## Правен Информатор ЈУРИС и ЈУРИС АЛАРМ

Во овој период СКСЗМ го објави Правниот Информатор ЈУРИС і ЈУРИС Аларм. Темата објавена на овој Правен Информатор беше:

- **ЈУРИС бр.1 -** Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед.
- **ЈУРИС Аларм бр.1 -** Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на потрошувачите

# 3. Европска држава, членка на ЕУ, со модерни дигитализирани институции и бизниси насочени кон циркуларната економија и обновливите извори на енергија.

## 3.1 Промоција на ESG практиките



**24.02.2025, Скопје** - Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, во соработка со Трговско-индустриската комора - Косово организираше обука на тема „Промоција на ESG (Животна средина, Општество и управување) практиките во Западен Балкан“.

Оваа обука, дизајнирана за да ги опреми бизнисите, невладините организации и академските институции со потребните знаења и алатки за ефективна интеграција на ESG принципите во нивното работење, опфати клучни теми како што се ESG стандардите, извештаите, управувањето со ризици и идентификацијата на можности за одржлив развој на бизнисот.

# 4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси.

## 4.1 СКСЗМ го пречека раководството на Здружението на индустријалци и бизнисмени во Ескишехир Румели




**20.01.2025, Скопје** - Во просториите на СКСЗМ, претседателот на Собранието на Комората, г. Назми Ејупи, заедно со Извршниот директор и членови од Управниот одбор, одржаа состанок со Претседателот на Здружението на индустријалци и бизнисмени во Ескишехир Румели, г.Русту Сентуна придружуван од други претставници од истата институција.

Оваа средба беше фокусирана на унапредување на взаемната соработка помеѓу членовите на двете страни, како и поттикнување на трговската размена со бизнисите од регионот и пошироко. Во дискусијата беше потенцирана важноста на стратешките партнерства, создавањето нови можности за инвестиции, како и можноста за зголемување на глобалната соработка во интерес на економскиот развој.

## 4.2 Се одржа првата седница на Управниот одбор на СКСЗМ за 2025 година




**28.01.2025, Скопје** – Во просториите на Стопанска Комора на Северо Западна Македонија се одржа првата седница на Управниот Одбор за 2025 година, на која беа дискутирани главните постигнувања на Комората во изминатата година, како и клучните приоритети за понатамошниот развој и напредок на Комората.

На оваа седница беше разгледана ефикасноста на раководните структури на Комората и беа оценети постигнатите успеси во текот на изминатата година, кои сведочат за посветеноста и проактивна улога на СКСЗМ во поддршката на бизнис секторот.

Во текот на 2024 година, СКСЗМ оствари значајни достигнувања, меѓу кои усвојувањето на Националната развојна стратегија и донесувањето на Законот за забрана на нефер трговски практики, со што се заштитува фер конкуренцијата.

## 4.3 Се одржа средба помеѓу СКСЗМ и Заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во фокус поддршката на агро-индустрискиот сектор



**10.02.2025, Скопје** - Претседателот на СКСЗМ, г. Mendi Qyra заедно со Извршниот Директор, г. Дурим Зекири, Претседателот на Групацијата за земјоделство и рурален развој, г. Арбен Халили и потпретседателот на Собранието на СКСЗМ, г. Касам Зендели, беа ппречекани на средба од заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г. Флакрон Беџети, каде што се дискутираше за можностите за соработка меѓу двете страни со цел создавање поповолни услови за бизнисите што оперираат во овој сектор.

Претседателот на СКСЗМ, г. Mendi Qyra, потенцираше дека Северна Македонија ги има сите предуслови за развој на конкурентен земјоделски сектор, но се потребни посилни поддржувачи мерки од државните институции за зголемување на инвестициите, модернизација на технологиите и зајакнување на домашните производители.

## 4.4 „СКСЗМ гостин на Косовската бизнис алијанса по повод 17-годишнината од независноста на Косово“



**17.02.2025, Скопје** – Претседателот на Стопанската комора на северо-западна Македонија, г. Mendi Qyra, заедно со претседателот на Собранието на СКСЗМ г. Назми Ејупи, почесниот претседател г. Џемали Даути и извршниот директор, г. Дурим Зекири, присуствуваа на свечениот настан организиран од Косовската бизнис алијанса по повод 17-годишнината од независноста на Косово.

Во своето поздравно обраќање, претседателот Qyra им честиташе на сите присутни овој историски ден, нагласувајќи ја важноста на стратешката економска соработка меѓу Косово и Северна Македонија.4.5 Се одржа првиот состанок на Управниот Одбор на СКСЗМ

## 4.5 Средба помеѓу Групацијата за градежништво, урбанизам, животна средина и енергетика на СКСЗМ и Управата за јавни приходи



**18.02.2025, Скопје** - Во просториите на Стопанската комора на северо-западна Македонија се одржа средба помеѓу претставници на Управата за јавни приходи (УЈП) и компании членки на Групацијата за градежништво, урбанизам, животна средина и енергетика.

Извршниот директор на СКСЗМ, Дурим Зекири ја поздрави оваа иницијатива на Управата за јавни приходи, оценувајќи ја како позитивен чекор и изразувајќи благодарност за взаемната соработка во насока на ефикасно спроведување на даночните политики. Тој исто така ја истакна подготвеноста на компаниите членки на Комората активно да учествуваат во вакви дискусии, кои придонесуваат за зајакнување на приватниот сектор и создавање поповолна деловна клима за инвестиции.

## 4.6 Qyra на церемонијата за доделување на стипендии организирана од Фондацијата ALBIZ: Инвестирањето во студентите е клучот за успехот




**19.02.2025, Скопје** - СКСЗМ, како значајна институција, ги поддржува младите кои го следат патот на професионалниот развој. Ова го изјави претседателот на Комората, Mendi Qyra, во својот говор на церемонијата за доделување на стипендии за студентите, организирана од Фондацијата ALBIZ. Qyra нагласи дека инвестирањето во образованието и во младите кадри е клучот за економскиот и општествениот развој на нашето општество.

„Длабоко сме уверени дека патот кој го имаме избрано е вистинскиот, а аргумент за тоа е самото постоење на вашата институција (ALBIZ) повеќе од една деценија. Стопанската комора на северозападна Македонија, како претставник на приватниот сектор, секогаш е подготвена да поддржи вакви иницијативи, бидејќи силниот образовен систем е клучен фактор за сигурна иднина на идните генерации. Но, ние како бизнис-заедница сметаме дека во одредени моменти треба да ја тргнеме скромноста на страна и погласно да ги промовираме нашите достигнувања, како што се Фондацијата ALBIZ, но и Стопанската комора на северозападна Македонија“, изјави претседателот Mendi Qyra.

## 4.7 Делегацијата на СКСЗМ на средба со Претседателката Силјановска Давкова: Заедничка заложба за економски развој



**20.02.2025, Скопје** - Претседателот на Стопанската комора на северозападна Македонија, г. Mendi Qyra, во придружба на Почесниот претседателот, г. Џемаил Даути, и Извршниот директор, г. Дурим Зекири, беа примени на официјална средба од Претседателката на Република Северна Македонија, г-ѓа Гордана Силјановска Давкова.

Во своето обраќање, претседателот Qyra истакна дека СКСЗМ останува посветена на трите главни столба, кои претставуваат предуслови за економскиот развој на земјата: борбата против корупцијата, формализирањето на сивата економија и владеењето на правото. Еден од клучните предизвици што продолжува да го попречува развојот на приватниот сектор е недостатокот на работна сила во земјата. Во овој контекст, г.Qyra и го презентираше на претседателката концептот на СКСЗМ за зголемување на минималната плата, нагласувајќи дека е неопходно максимално да се искористи локалниот потенцијал пред да се бара работна сила од странство. Двете страни се согласија дека ова прашање бара одржливо решение, кое треба да започне со суштински реформи во образовниот систем.

## 4.8 СКСЗМ е почестена со јубилејна плакета од Црвениот крст по повод 80-годишнината од неговото основање



**05.03.2025, Скопје** - Претседателот на Стопанската комора на северо-западна Македонија, г. Mendi Qyra, присуствуваше на свечениот настан организиран по повод 80-годишнината од основањето на Црвениот крст на Северна Македонија.

Во рамки на овој настан, СКСЗМ беше почестена со јубилејна плакета, како знак на благодарност за поддршката и значајниот придонес што го дава во реализирањето на хуманитарните иницијативи на организацијата. Ваквите настани претставуваат можност за рефлексија врз значењето на тесната соработка меѓу институциите и организациите кои придонесуваат во поддршката на општеството и за истакнување на успесите постигнати во текот на овој долг период.

## 4.9 СКСЗМ го организира традиционалниот ифтар, промовирајќи солидарност и соживот




**06.03.2025, Скопје** - Скопје, 6 март 2025 година - По повод светиот месец Рамазан, Стопанската комора на северозападна Македонија во просториите на својата членка, ресторан Нита Палас, го организираше традиционалниот ифтар, собирајќи ги претставниците на бизнисот, институциите и заедницата, во вечер исполнета со дух на солидарност и взаемно разбирање.

На овој значаен настан учествуваше и претседателот на Владата на Република Северна Македонија, г-дин Христијан Мицкоски, кој со своето присуство даде силна порака за важноста на дијалогот и соработката меѓу заедниците и различните сектори на општеството.

## 4.10 Одржана е средба меѓу СКСЗМ и МНРНТ. Дискусија за можностите за соработка за стимулирање на извозот



**11.03.2025, Скопје** - Во просториите на Стопанската комора на северозападна Македонија, извршниот директор г. Зеќири ги пречека на средба претставниците од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, со цел да се разговара за можностите за соработка со компаниите членки на Комората.

Г-дин Зекири ја презентираше работата и динамиката на Комората, истакнувајќи некои од клучните стратешки точки во рамките на Платформата за економски развој на РСМ. Беше нагласена важноста од доволна и квалификувана работна сила, со разновидна и развојна економија која го спречува иселувањето, каде во таа насока, СКСЗМ гласно има предложено конкретни мерки за спречување на овој феномен. Се разговараше и за компаниите членки на Комората кои извезуваат во странство, придонесувајќи за економската благосостојба на Северна Македонија.

## 4.11 Извршниот директор на СКСЗМ, г. Дурим Зеќири учествуваше на Регионалната конференција за ESG во WB6



**20.03.2025, Приштина** - Извршниот директор на СКСЗМ, г. Дурим Зеќири беше поканет како панелист на Регионалната конференција на ESG во WB6, организирана како дел од проектот за промоција на практиките ESG (животна средина, општество, владеење) од страна на Трговска и индустриска комора Косово, во соработка со Стопанската комора на северо-западна Македонија и други партнери.

Г-дин Зеќири беше учесник на првата панел дискусија на тема „Регионална соработка за ЕСГ – Зајакнување на прекуграничните напори“. Тој ја нагласи имплементацијата на високи стандарди и размената на добри практики меѓу земјите во регионот, опишувајќи го како клучен чекор во создавањето поодржлива деловна средина и за поддршка за компаниите да се прилагодат на меѓународните барања за добро управување, општествена одговорност и заштита на животната средина. Тој ја истакна и важноста од меѓу-институционалната соработка меѓу земјите од Западен Балкан, која ќе придонесе за зајакнување на конкурентноста на компаниите.

## 4.12 Одржан Вториот состанок на Управниот одбор на СКСЗМ: Членовите разговараа за приоритетите на СКСЗМ



27.03.2025, Тетово - Во просториите на компанијата членка Хотел Меркур во Тетово, се одржа вториот состанок на Управниот одбор на СКСЗМ за 2025 година, предводен од претседателот, г. Qyra.

На овој состанок присуствуваа и Претседателот на Собранието на СКСЗМ г. Ејупи, потпретседателите г. Алиу, г. Бериша и г. Асани, при што последниот приреди и заеднички ифтар за сите присутни.

По повод 20-годишнината од основањето на СКСЗМ, клучна тема на состанокот беше организацијата на активностите во рамките на истата. Овој значаен јубилеј на Стопанската комора на северозападна Македонија годинава одбележува 2 успешни децении од нејзината посветеност и придонес кон приватниот сектор, како и економијата на земјата.

## 4.13 Maison De Parfum, компанија членка на СКСЗМ, ги отвори вратите за ексклузивна посета




**12.02.2025, Скопје** - СКСЗМ продолжува да ги поддржува и промовира своите членки, создавајќи нови можности за вмрежување и соработка. Во рамките на оваа иницијатива, компанијата-членка на СКСЗМ, Maison de Parfum, ги отвори вратите за ексклузивна посета, каде што присутните имаа можност да се запознаваат со брендот, да ги истражат уникатните колекции на премиум парфемите и да искористат специјални понуди наменети исклучиво за нив.

Претседателот на Комората, г. Mendi Qyra, во своето поздравно обраќање зборуваше за важноста на соработката меѓу бизнисите и улогата на СКСЗМ во создавањето нови можности за развој.

## 4.14 Истражување на нови пазари: СКСЗМ ја организира учеството на своите членки на еден од најважните меѓународни саеми за градежништво – CF Istanbul




**14.02.2025, Истанбул** - Претставниците на СКСЗМ од компаниите членки Trim Lum, Mi Trans, Arh Koncept, Ambrella и Gradis Koo учествуваа на првиот и вториот ден од саемот, каде што имаа можност да одржат B2B средби со меѓународни компании, да ги истражат можностите за нивна експанзија на странските пазари и да разменат идеи за потенцијални идни соработки.

Во меѓувреме, компаниите Be Fix, Balkan Group и Ju-Sm продолжуваат со своето учество во наредните денови, при што ќе имаат можност да искористат нови можности за вмрежување со другите компании-учеснички и да ги промовираат своите бизниси.

Како дел од својата посветеност за поддршка на своите членки и нивно поврзување со меѓународните пазари, СКСЗМ ја овозможи оваа учество за компаниите од Групацијата за градежништво, урбанизам, животна средина и енергетика на овој престижен саем.

## Економски Информатор ЕКОНОМИКУС

Во текот на првиот квартал од 2025 година беа објавени 2 изданија на економскиот информатор ЕКОНОМИКУС. Темите презентирани во овој економски информатор се:

- **Економикус бр.1** – Електрична енергија, природен гас, јаглен и нафтени продукти, ноември 2024 година
- **Економикус бр.2** – Индекси на цените во земјоделството, јануари 2025 година

## Бизнис Информатор ДОБИА

Во текот на првиот квартал од 2025 година, членовите на СКСЗМ имаа можност да бидат известени преку бизнис информаторот DOBIA за јавните повици во врска со грантови и можности за финансирање. Во овој период, до членовите беше испратено 1 издание на информаторот преку електронска пошта, а известувањето за испраќањето на истиот беше дистрибуирано и на социјалните мрежи на Комората.

Повикот што е опфатен во ова издание на информаторот е:

- **Добиа бр.1** – Јавен повик - За доставување на барања за финансиска поддршка од ИПАРД – "Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства"

# 5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност

## 5.1 Известување за започнување на Анкетата за Извршно Мислење

**26.04.2025** - Стопанска комора на северо-западна Македонија, како институционален партнер на "Светскиот економски форум" (World Economic Forum) веќе 7 години по ред, и оваа година го започна спроведувањето на "Анкета за извршно мислење" (Executive Opinion Survey) за 2025 година.




## 5.2 Кампања на СКСЗМ за подигнување на свеста против сивата (неформалната) економија.

**12.05.2025** – Предностите од формализацијата на бизнисот



# 6. Односи со јавноста

- **08.01.2025** - Qyra: Tregu ynë kombëtar ka 60 mijë kilometra katror, duhet ta shfrytëzojmë si komb këtë potencial

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid0zMRtgcMkfiLm2DTUddDfHmrk3GCbFs5fHdVGeaAedqS9QeBVHbh5TNQJ16pPghr6l

- **09.01.2025** - Клан дебата – Mendi Qyra

https://www.facebook.com/reel/3954397638156187

- **15.01.2025**- Извршниот директор на СКСЗМ - г. Дурим Зекири, во Телевизиската дебата на ТВ 24 "24 Отворено"

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid0Uw8bBN25fLyDFNJWSJVMZrj7osHUrLL6m8vvuQF94HDq4QKsmtdo6ZHcUUNKuz7ul

- **24.01.2025-** На линкот подолу, проследете го интервјуто на г-дин Сами Морина - член на Управниот одбор на СКСЗМ, во емисијата Бизнис Плус на Македонската телевизија - TVM2.

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid02iVLLX9TTZbj2C1aJWfjnSC1iobdNf1GN59SsKjf242J2JK4q6E7eVsGRZZsqZF2Nl

- **30.01.2025** - Потпретседателот на Собранието на СКСЗМ, г. Касам Зендели во телевизиска дебата на ТВ ТЕЛМА "Топ Тема"

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid0gY5r2ChLGugsFvLdYAxpHk38XGLZRWaSp8YDMjmMcLDGTDRodmPgxbcxrj21s3hgl

- **31.01.2025** - Претседателот на СКСЗМ, г-дин Mendi Qyra, за Радио Слободна Европа изјави: „Сѐ уште не може да се каже дека ценовниот пазар е стабилен, па затоа е потребно да се преземат соодветни мерки за нивно регулирање, особено за основните секојдневни производи“.

https://www.evropaelire.org/a/ballkani-perendimor-thirrje-per-bojkot-te-supermarketeve-/33297626.html?fbclid=IwY2xjawJrKlxleHRuA2FlbQIxMQABHvGj9Fadf-Gl6jONW0jhzqMIH62tdboOJhu45Fhn2FO1qPWZTOIaoV31TOoj_aem_Vp3E6YQRiPPBNmYMGcdF0Q

- **04.02.2025**- На линкот подолу можете да го следите претседателот на СКСЗМ, г-дин Mendi Qyra во емисијата „Клан Дебат“ на Клан Македонија, каде што се дискутираше за бојкотот на пазарите: Аларм и сериозна порака од граѓаните.

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid0mNs3DG7u7Zgtk6cfywikzwsqop7snU3NR7nizw7pqPG7bVYeAhPGy6HmmgasBDgTl

- **13.02.2025** - Следете ја изјавата на претседателот на СКСЗМ, г. Mendi Qyra за Телевизија 24, во врска со ограничувањето на маржите и колку тоа ќе го подобри стандардот и сиромаштијата.

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid0REeGnZMpBaFFyANCJX1NGVrXnC7RhGiYSbHxTaJRatFkne3VbHqVFNfCxsZAYjSgl

- **21.02.2025** - Подолу можете да го проследите интервјуто на извршниот директор на СКСЗМ, г-дин Дурим Зеќири, за ограничувањето на маржата на бруто добивка, последната одлука на Владата која ќе се спроведува до 30 април.

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid0zy2tM9gUznzEuA41WaCi16xvYVugj1xA3Vm2gmarZ8S22Pk3z5Yx4YPY8PTHwGEel

- **22.02.2025** – Претседателот на СКСЗМ г. Mendi Qyra поканет на #PikëPodcast

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid02iMgyACGLR3nfy8ZB1ajWaJrweqvh7XSV8cy6qYPHMNFyJ6HaHY2dNzUKHqPgCFYAl

- **07.03.2025 –** Дурим Зеќири во емисијата Бизнис плус на РТМВ2

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid027PDmWcBK3GgjFhzxkBBpzMoNKSQ2Gee5GmveuDdkfE7PKjNHBB4XqXZ35SikM2a4l

- **13.03.2025 -** Претседателот на СКСЗМ, г-дин Mendi Qyra поканет во Глас на Америка: Минималната плата да се покачи до 500 евра, но придонесите да се намалат.

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid0wWXKX3zGWZk1vfB4yhfPVXn5z9Lwarx6QtDoBeJz2HMNA28559gkn1c4pUAbKkYfl

- **19.03.2025 -** Претседателот на СКСЗМ г. Mendi Qyra поканет на podcast "Weconomy"

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid01DfhgJ5LzXLoxRmmYWnVAFx8m9wjDFLWm6aLpmPjFTihxDVoBYpRN26S2JYPPKCwl

## 7. Комуникација со членките

Во текот на првиот квартал на 2025 година, Дескот на услуги има остварено над 520 контакти со компании на различни форми (телефонски повици и е-пошта), истовремено Дескот за услуги бил контактиран околу 500 пати.

Исто така во првиот квартал, 7 нови компании се зачлениле во СКСЗМ.

## 8. СКСЗМ во медиуми

Во периодот Јануари – Март 2025, претставници на СКСЗМ беа присутни во медиуми 19 пати, од кои:

- Емисии – 9;
- Изјави во ТВ – 8;
- Изјави во печатени медиуми – 2 пати.

Исто така, во истиот период СКСЗМ беше цитирано – над 200 пати.

# 9. СКСЗМ на социјалните мрежи

СКСЗМ, до крајот на првиот квартал на 2025 година, во социјалната мрежа FACEBOOK брои вкупно:

- 8,538 следбеници;
- 7,780 лајкови на профилот.

Споредно со претходната година, во истиот период имаме зголемување на лајкови на профилите за 2.37%, додека зголемување на следбениците за 4.02%.

Воедно, СКСЗМ е активна и на другите социјални мрежи, и тоа на ИНСТАГРАМ, каде што има вкупно 546 следбеници, и на Линкед ин, со вкупно 177 следбеници.



## Услуги на СКСЗМ

Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија е партнер кој им помага на бизнисите на нивниот пат кон деловен успех преку широк спектар на услуги.



**ИНФОРМАТИВНИ УСЛУГИ** – Членовите на СКСЗМ имаат можност да се информираат преку информативни канали во нивните области на интерес како што се: економски информатор ECONOMICUS, бизнис информатор **DOBIA**, правен информатор JURIS и **JURIS ALARM, БИЛТЕН НА СКСЗМ, ПОВИЦИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ТЕНДЕРИ, РЕГИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ САЕМИ.**




**ПРОМОТИВНИ УСЛУГИ** – СКСЗМ преку своите промотивни услуги, ги поддржува своите членови преку промовирање на истите, вклучително и старт-ап компании, компании кои лансирале нова услуга, компании кои имаат нови промотивни понуди итн. Улогата на комората е истото да го промовира преку: промоција на **Социјалните мрежи**, услуга **„Член за член“ (преку е-пошта), лого на веб-страницата на СКСЗМ, видеа во коридорот на СКСЗМ, промотивни материјали во сала за состаноци на комората како и каталогот TOP 100™.**



**ЦЕНТАР ЗА ОБУКИ** - Центарот за обуки на СКСЗМ е активна за да им служи на компаниите со обуки на различни теми, задоволувајќи ги нивните потреби за обука и за подготовка на нивниот персонал. Обуките се спроведуваат врз основа на **Годишниот план на СКСЗМ или според специфичните барања на членовите.**



**ЦЕНТАР ЗА КВАЛИТЕТ И СТАНДАРДИ** - Стопанската Комора на Северозападна Македонија преку Центарот за квалитет и стандарди на своите членови им нуди: **ISO стандарди, HASSP стандарди, Халал стандарди.**



**КОНСУЛТАЦИИ И АНАЛИЗА** – Оваа услуга вклучува: **Консултации (правни и економски), Финансиска анализа по барање, Услуги за патенти, Услуги за интелектуална сопственост, Барања до институции.**



**ДРУГИ УСЛУГИ** - Сертификат за потекло, Сертификат за потекло-Електронски, Лобирање, Лобирање според индивидуални барања, Покана за виртуелни саеми за поврзување на бизниси со регионот, Административни услуги, B2B состаноци, Пристап до Коморски групи, Покана за настаните на СКСЗМ ( семинари, конференции, самити), Резервирани места на секој настан на СКСЗМ, Асистенција за учество на различни светски саеми, Претставување на интересите на членовите пред државните и меѓународните институции, Ручек со Премиерот/Претседателот/ Министри, Традиционален ифтар, Потврда за членство.



**ТЕХНИЧКИ УСЛУГИ** – Бесплатни места за членовите во канцелариите на СКСЗМ за состаноци и деловни разговори (до 1 час), Сала за еднодневна и повеќедневна употреба (до 15 седишта).




**КАТАЛОГОТ TOP 100™** – Каталогот TOP 100™ на најуспешните компании во Северна Македонија е платформа за вмрежување и промоција, каде што се промовираат успешни бизниси, но и се создаваат нови можности за потенцијални соработки помеѓу постојните членови и потенцијалните членови. Овој каталог нуди одлична можност за компаниите кои сакаат да ги претставaт своите производи и услуги пред широка публика, стимулирачки ја нивната видливост и зајакнување на нивната позиција на пазарот, а воедно правејќи ги компаниите поконкурентни на локалниот и меѓународниот пазар.